**Информација за надлежноста на КЗК по завршување на мерката гарантирани цени**

Во услови на пазарна економија цените на пазарот се формираат самостојно од страна на учесниците на пазарот врз основа на понудата и побарувачката за дадените производи и/или услуги кои постојат на пазарот. И на страната на понудата на прехрамбени производи (производители и увозници) и на страната на побарувачката (трговците на мало кои ги купуваат овие производи со цел продажба на крајните потрошувачи), постои голема конкуренција.

Согласно Законот за заштита на конкуренцијата, Комисијата за заштита на конкуренцијата може да поведе постапка против претпријатија во два случаи и тоа:

- за злоупотреба на доминантна позиција односно доколку претпријатието поседува доминантна позиција и истата ја злоупотребува во своето работеење спрема своите добавувачи или спрема своите купувачи. Во конкретниот случај, постојат голем број на трговци на мало кои продаваат прехрамбени производи на крајните купувачи односно постојат голем број на синџири на маркети кои се во меѓусебна конкуренција и од кои ниту еден нема пазарен удел поголем од 40 %, сметано на територијата на Република Северна Македонија
- при постоење на ограничувачки договори односно договори помеѓу конкуренти со кои се ограничува конкуренцијата на пазарот вклучувајќи и договарање на цените. За да се утврди договарање на цените потребно е Комисијата да има цврсти докази кој се договарал, кога и за кои производи односно за кои цени. Досега Комисијата нема конкретни индиции за постоење на забранет договор помеѓу одредени синџири на супермаркети за одредени производи. Комисијата може да изврши прибавување на податоци на лице место, кое претставува еден вид на претрес но за да го направи тоа потребно е да има силни индиции за тоа каде постојат докази за недозволено договарање на цени. Имено, Комисијата не може ова свое овластување да го користи без постоење на конкретни индиции и по свое слободно наоѓање да врши прибавување на податоци на лице место.

Комисијата може да поведе постапка по службена должност или на барање на странка која има легитимен интерес, па затоа ги повикува сите кои имаат индиции за постоење на забранет договор да ја известат – при што може да побараат да бидат анонимни или анонимно да доставaт пријава по што Комисијата ќе ја води постапката по службена должност. Законот за заштита на конкуренцијата исто така предвидува можност за претпријатијата доколку самите го пријават своето учество во забранет договор, да добијат ослободување или намалување на глобата.